Република Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД
И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА
Бр. 08 -12228/1
18.12. 2018 година
С к о п ј е

Врз основа на член 9 од Закон за упатување работници од Република Македонија во други држави за изведување на градежни работи преку проектни договори и за вршење на други сезонски работи ("Службен весник на Република Македонија" број 166/12 и 30/16), Министерството за труд и социјална политика, објавува

# Ј А В Е Н  П О В И К

за прибирање на барања од заинтересирани правни лица за учество при распределбата на правото за упатување на работници (деташман) за изведување на проектни договори во СР Германија и тоа за:

- 120 работници за изолациони проектни договори;
- 120 работници за монтажерски проектни договори и
- 330 работници за градежни проектни договори.

Согласно членот 5 од Закон за упатување работници од Република Македонија во други држави за изведување на градежни работи преку проектни договори и за вршење на други сезонски работи ("Службен весник на Република Македонија" број 166/12 и 30/16), во распределбата на правото на определената квота на работници за изведување на градежни, монтажни и изолациски работи преку проектни договори, може да учествува трговско друштво кое:

- кадровски и технички е опремено за самостојно изведување на конкретни проектни договори во странство и кое ги исполнува другите услови утврдени со овој закон;
- има регистрирано дејност во областа на градежништвото;
- има најмалку десет вработени на неопределено работно време, шест месеци пред пријавување на јавен повик;

- има позитивен бонитет во работењето во претходната година;
- ги има измирено сите даноци, придонеси и други јавни давачки;
- против кое не е отворена стечајна постапка и
- против кое не е поведена постапка за ликвидација .

За учество во распределбата на правото на определената квота на работници, за изведување на проектни договори по правни лица, во рамките на доделеното право од СР Германија заклучно до 30 септември 2019 година, трговското друштво до Министерството за труд и социјална политика, треба да достави:

- барање од трговското друштво со негово претставување (назив, адреса, седиште, овластено лице на трговското друштво, телефон, факс, е-маил);
- документ за регистрирана дејност во Централен регистар на Република Македонија или документ за тековна состојба на правното лице;
- документ за вкупниот број на вработени во трговското друштво, од кои најмалку десет работници да биле во работен однос на неопределено време, најмалку шест месеци пред пријавување на трговското друштво на јавен повик;
- Образец М-1/М-2 за вкупниот број на вработени работници во трговското друштво, со преглед на пријави/одјави во задолжително социјално осигурување за друштвото, издаден од Агенција за вработување на Република Македонија;
- документ за бонитет на друштвото, издаден од Централниот регистар;
- потврда од Управата за јавни приходи за платени даноци, придонеси и други јавни давачки;
- потврда од надлежен суд дека не е отворена постапка за стечај ;
- потврда од Централен регистар на Република Македонија дека не е поведена постапка за ликвидација и
- референци на трговското друштво во земјата и странство.

Наведените документи не смеат да бидат постари од шест месеци од денот на издавањето, а се доставуваат во оригинал или копија заверена кај нотар во затворено плико.

Рокот за поднесување на барања за учество во распределбата на доделената квота на јавниот повик од заинтересираните трговски друштва изнесува 15 дена, сметано од наредниот ден од денот на објавувањето на јавниот повик, почнувајќи од 20.12.2018 година, а заклучно до 03.01.2019 година.

Барањата кои ќе пристигнат по рокот за доставување, ќе се сметаат како ненавремени и нема да бидат разгледувани.

Барањата кон кои не е приложена потребната документација назначена во јавниот повик, ќе се сметаат за некомплетни и нема да се разгледуваат.

Барањата треба да се достават преку пошта на адреса: улица "Даме Груев" број 14 - Скопје или да се предадат во архивата на Министерството за труд и социјална политика на Република Македонија (најдоцна до 16,00 часот, секој работен ден).

Телефон за контакт: 02 3106 659

Министерството за труд
и социјална политика
Министер
Мила Царовска